Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Годишниот извештај**
**на Општина Центар-Скопје за 2018 година**

Се објавува Годишниот извештај на Општина Центар-Скопје за 2018 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 26. седница, одржана на 14.3.2019 година.

Бр. 09-1485/29
14.3.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11, 192/15 и 209/18) и член 26 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Советот на Општина Центар-Скопје на 26. седница, одржана на 14.3.2019 година, усвои

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## на Општина Центар-Скопје за 2018 година

**Член 1**

Се усвојува Годишниот извештај на Општина Центар-Скопје за 2018 година.

**Член 2**

Составен дел на Годишниот извештај се:

- Годишната (завршна) сметка на Буџетот на Општина Центар-Скопје;
- Извештајот за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивната вредност;
- Извештајот за реализацијата на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок-дотациите и дотациите за делегирани надлежности;
- Извештајот за користење на средствата од тековната и од постојаната резерва;
- Извештајот од одговорниот сметководител со кој се потврдуваат точноста и веродостојноста на Годишната сметка.

**Член 3**

Овој Годишен извештај стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-1485/28
14.3.2019 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска

**Извештај за средствата , побарувањата , обврските и изворите на средства и нивната вредност**

Состојба на средствата и изворите на средствата на 31.12.2018 година е следна :

| | | Редовни побарувања | Спорни и сомнителни побарувања |
|---|---|---|---|
| 1 | Побарувања по основ на надоместок за уредување на градежно земјиште | 121.421.120,00 ден. | 4.225.645,00 ден. |
| 2 | Побарувања по основ на даден деловен простор под закуп | 47.499,00 ден. | 242.098,00 ден. |
| 3 | Побарувања по основ на присилно административно извршување- рушење на диви градби и отстранување на урбана опрема | 20.670.288,00 ден. | 1.046.027,00 ден. |
| 4 | Побарувања по основ на данок на имот за физички лица | 49.770.817,00 ден. | - |
| 5 | Побарувања по основ на данок на имот за правни лица | 40.378.452,00 ден. | - |
| 6 | Побарувања по основ на комунална такса за истакнување на фирма односно деловна просторија | 42.130.797,00 ден. | - |
| 7 | Побарување од комунална такса за реклами | 22.400,00 ден | |
| **Вкупни побарувања** | | **274.441.373,00 ден.** | **5.513.770,00 ден.** |

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Обврски по основ на ф-ри за комунални услуги ( вода, струја, телефон , ѓубретарина, парно ) | 1.008.120,00 ден. |
| 2 | Обврски по основ на неисплатена плата за м.12/2017 година на редовно вработени лица | 4.304.013,00 ден. |
| 3 | Обврски по основ на материјални трошоци ( тековни трошоци за набавка на стоки и услуги за редовно работење на општината ) | 997.683,00 ден. |
| 4 | Обврски по основ на ДДВ | 925.435,00 ден. |
| 5 | Обврски по основ на Програма Ј - Комунални дејности | 96.868,00 ден. |
| 6 | Обврски по основ Програма Ф - Урбано планирање и уредување на просторот | 13.355.326,00 ден. |
| 7 | Обврски по основ Програма Н - Образование | 1.032.353,00 ден. |
| 8 | Обврски по основ на главница од кредит | 273.503.988,00 ден. |
| **Вкупни обврски** | | **295.223.786,00 ден.** |

**Извештај**
**за реализацијата на инвестиционите програми, капиталните и блок-дотациите**

Во текот на 2018 година, во согласност со донесените програми од Советот, Општина Центар-Скопје реализираше повеќе инвестициони работи.

По Програма Ф, Потпрограма ФА – Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци) изведени се работи во вкупна вредност од 121.764.527,00 денари.

Во рамките на оваа Потпрограма изработени се проекти за изградба на објекти од комунална инфраструктура во вкупна вредност од 380.395,00 денари, вклучително проекти за водоводна, фекална и атмосферска мрежа, проекти за коловоз и геодетски елаборати.

За изградба на сервисни и станбени улици што се финансираат 100% од Општината, изведени се работи во вредност од 29.355.526,00 денари, и тоа:

- Изградена е водоводна и ниско напонска електрична мрежа во вкупна вредност од 994.890,00 денари; архитектонски бариери, столпчиња и хортикултурно и партерно уредување во вкупна вредност од 10.030.933,00 денари; како и изградба на фекален колектор, фекална и атмосферска канализација и реконструкција на тротоари и коловоз на ул.Ѓуро Ѓоновиќ во вкупна вредност од 18.329.703,00 денари, како дел од повеќегодишната развојна програма.

Изведена е реконструкција на улици и на патишта во вкупна вредност од 86.871.116,00 денари, и тоа:

- Интервенции и реконструкција на инфраструктурата на повеќе локации во вкупна вредност од 12.051.785,00 денари, реконструкција на коловоз во вредност од 64.489.016,00 денари и реконструкција на тротоари, пешачки и велосипедски патеки во вредност од 8.552.270,00 денари; како и реконструкција на тротоари и коловоз на ул.Ѓуро Ѓоновиќ во вредност од 1.778.045,00 денари како дел од повеќегодишната развојна програма.

Во рамките на оваа Потпрограма за реконструкција на други објекти реализирани се плаќања во вкупна вредност од 4.837.940,00 денари, и тоа за адаптација на објектот на УЗ „ Славе Георгиевски Шнајдерот“ за деца со церебрална парализа. За сите изведени активности по оваа Потпрограма извршен е надзор во вкупен износ од 319.550,00 денари.

Во согласност со Програмата Ј – Комунални дејности Општина Центар-Скопје во текот на 2018 година ги реализираше следниве работи:

Во рамките на Потпрограмата ЈМ – Паркови и зеленило инвестирано е во реконструкција и санација на постоечки паркови и зелени површини, а инвестициите во рамките на оваа Програма се во вредност од 938.405,00 денари. Во однос на оваа Потпрограма извршена е реконструкција на изградените системи за полевање на повеке локации

на територија на Општина Центар, набавена е опрема за одржување на јавното зеленило и тоа 8 моторни дувалки и 2 пара моторни ножици, како и довршување на хортикултурното уредување на локација Голем Ринг Запад од бул. „Партизански одреди“ до ул. „ Димитрие Чуповски“ и хортикултурно уредување на косина на ул. „Питу Гули“.

Во рамките на Потпрограмата ЈН – Урбана опрема во текот на 2018 година поставена е нова урбана опрема во вкупна вредност од 2.832.601,00 денари. Во рамките на оваа Програма изработени се и поставени: 48 парковски клупи на следниве локации: ул. „Народен Фронт“, на ул. „Васил Ѓоргов“, на детско игралиште позади ТЦ Зебра и во парк кај Цветен Пазар; изработен е и монтиран летниковец кај КТК; изработени се и поставени 3 лулашки и едно детско катче на игралиште позади Т.Ц. Зебра; изработени се и поставени 82 канти за отпадоци во ООУ „ Коле Неделковски“, ООУ „ Кочо Рацин“, ООУ „ Димитар Миладинов“, во населба Пролет, и населба Буњаковец; и поставени се 651 столбчиња на повеќе локации и тоа крак на ул. „Максим Горки“ кај објектот на МЕПСО, ул. „Наум Наумовски Борче“ и агол со ул. „Јордан Хаџиконстантинов Џинот“, ул. „Јордан Хаџиконстантинов Џинот“ пред Министерство за земјоделие, агол на ул. „ Аминта Трети“ и ул. „ Роса Плавева“, ул. „Орце Николов“, агол на ул. „Рилски Когрес“ и ул. „Славејко Арсов“.

По Потпрограмата ЛА – Спорт и рекреација (капитални расходи) од Општина Центар-Скопје во текот на 2018 година изведени се работи во вкупна вредност од 1.208.022,00 денари. Во рамките на оваа програма изградено е и комплетно опремено со елементи за теретана, кошарка и фудбал спортското игралиште „Партизан“ и изработени се проекти за изградба и реконструкција на спортски и на детски игралишта и нивно опремување со реквизити.

За реконструкција на основните училишта изведени се работи во вредност од 23.926.397,00 денари, и тоа: за започнатата доградба и реконструкција на објектот на ООУ „Гоце Делчев“, за реконструкција на фасада и замена на столарија-врати, како и за набавка на училишен инвентар, клупи, столчиња, табли и закачалки во истото училиште; за замена на столарија - врати во тоалетите во ООУ „Коле Неделковски“; за санација на кров и тоалети во ООУ „Кочо Рацин“; за санација на дел од објект на ООУ „11 Октомври“; за реконструкција на дел од објект на ООУ „Кирил и Методи“; за реконструкција на водоводна и канализациона мрежа и молерофарбарски работи во ООУ „Димитар Миладинов“. Исто така во функција на реконструкција на основните училишта, во 2018 година реализирани се средства во вкупен износ од 3.081.569,00 денари за реконструкција на фасадата на ООУ „ Димитар Миладинов“ од кои 547.500,00 денари се средства од основниот буџет на општината искористени за изработка и ревизија на основен проект за реконструкција на фасадата и 2.534.069,00 денари се средства од донација добиена од амбасадата на Република Бугарија.

Во 2018 година Општина Центар-Скопје за изградба на новото општинско училиште во населба Капиштец изведе работи во вкупна

вредност од 120.509.797,00 денари, од кои 120.147.101,00 денари се финансирани со кредитно задолжување и 362.696,00 денари се средства од основниот буџет на општината.

Во функција на реконструкција на детските градинки во 2018 година Општина Центар-Скопје финансираше средства во износ од 758.907,00 денари за санација во ЈУДГ „ Кочо Рацин“ објект „Бели Мугри“. Општина Центар-Скопје во соработка со Фондацијата Отворено општество - Македонија во рамките на проектот „Општина по мерка на граѓаните“ во текот на 2018 година инвестираше во вградување на лифт за храна во ЈУДГ „ Кочо Рацин“ објект „Н. Н. Борче“ во вредност од 676.099,00 денари.

Блок-дотациите од Буџетот на Република Македонија со кои Општина Центар-Скопје ги финансира своите надлежности во социјалната и детската заштита и во образованието за 2018 година изнесуваа вкупно 276.031.161,00 денари, од кои 181.453.800,00 денари беа наменети за финансирање на надлежноста основно образование и 94.577.361,00 денари за финансирање на надлежноста детска заштита.

Блок-дотацијата наменета за основно образование беше распределена по видови расходи, и тоа: 161.974.683,00 денари за плати и надоместоци за вработените и 19.479.117,00 денари за тековно-оперативни трошоци.

Реализацијата на блок-дотацијата за тековно-оперативните расходи по училиштата се одвиваше на следниов начин:

- За тековно одржување на ОУ „Коле Неделковски“ реализирани се трошоци во износ од 2.731.000,00 денари
- За тековно одржување на ОУ „Ј.Х Песталоци“ реализирани се трошоци во износ од 3.770.227,00 денари
- За тековно одржување на ОУ „Кочо Рацин“ реализирани се трошоци во износ од 3.224.000,00 денари
- За тековно одржување на ОУ „Гоце Делчев“ реализирани се трошоци во износ од 1.761.505,00 денари
- За тековно одржување на ОУ „11 Октомври“ реализирани се трошоци во износ од 2.273.693,00 денари
- За тековно одржување на ОУ „Димитар Миладинов“ реализирани се трошоци во износ од 3.227.692,00 денари
- За тековно одржување на ОУ „Кирил и Методиј“ реализирани се трошоци во износ од 2.491.000,00 денари

Во однос на средствата наменети за превоз на учениците од основно образование (вклучени во горенаведените тековно-оперативни расходи) реализирани се следниве износи по училишта:

- ОУ „Коле Неделковски“ - 52.748,00 денари
- ОУ „11 Октомври" - 127.345,00 денари
- ОУ „Димитар Миладинов“ - 188.940,00 денари
- ОУ „Гоце Делчев“ - 2.315,00 денари
- ОУ „Песталоци“ - 48.040,00 денари

Блок-дотацијата наменета за детските градинки беше рапределена по видови расходи, и тоа: 80.381.493,00 денари за плати и надоместоци за вработените и 14.195.868,00 денари за тековно-оперативни трошоци.

Реализацијата на блок-дотацијата за тековно-оперативните расходи по градинките се одвиваше на следниов начин:

- За тековно одржување на ЈУДГ „Р.Ј.Корчагин“ реализирани се трошоци во износ од 3.135.447,00 денари
- За тековно одржување на ЈУДГ „Кочо Рацин“ реализирани се трошоци во износ од 5.426.428,00 денари
- За тековно одржување на ЈУДГ „13 Ноември“ реализирани се трошоци во износ од 5.633.993,00 денари

## Годишен извештај за користење на средствата од Буџетските резерви за 2018 година

| Р.Бр. | Име и презиме и број на одлука | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Согласно Одлука донесена на Совет на Општина Центар-Скопје бр.08-347/12 од 24.01.2018 година одобрени се парични средства на Тања Атанасова Костовски, за учество на меѓународни натпревари по пијано (вклучително и персонален данок на доход). | 33.333,00 |
| 2. | Согласно Одлука донесена на Совет на Општина Центар-Скопје бр. 08-2034/24 од 26.04.2018 година одобрени се парични средства на Ристо Рангелов, за санација на оштетувања настанати од гаснење на пожар во стан на ул. Даме Груев бр. 3/2-4, Скопје и за трошоци за вештачење (вклучително и персонален данок на доход). | 96.257,00 |
| 3. | Согласно Решение на Градоначалникот на Општина Центар-Скопје бр. 09-2178/2 од 17.05.2018 година одобрени се парични средства на Михаела Хаџиска, за учество на Меѓународен средношколски натпревар за еколошки прашања со проект „Употреба на земјоделски отпадни материи како адитиви во бетон (вклучително и персонален данок на доход). | 21.390,00 |
| 4. | Согласно Одлука донесена на Совет на Општина Центар-Скопје бр. 08-3800/2 од 30.08.2018 година одобрени се средства на Ева Обрадовиќ, за штета настаната од пожар (вклучително и персонален данок на доход). | 53.476,00 |
| 5. | Согласно Одлука донесена на Совет на Општина Центар-Скопје бр. 08-3800/4 од 30.08.2018 година одобрени се парични средства на Билјана Петреска, за учество меѓународна олимпијада по хемија (вклучително и персонален данок на доход). | 64.171,00 |
| 6. | Согласно Решението на Градоначалникот на Општина Центар-Скопје бр. 09-3989/2 од 17.09.2018 година одобрени се парични средства на Деосол Дооел, за организирање на хуманитарен настан “Моември” за 2018 година. | 6.000,00 |
| 7. | Согласно Решението на Градоначалникот на Општина Центар-Скопје бр. 09-3553/5 од 20.09.2018 година одобрени се парични средства на Адвокатот Емил Османов, за надомест на штета причинета на ден 09.07.2018 година, од страна на сезонски ангажирано лице вклучено во јавните работи на Општина Центар – Скопје. | 19.500,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | Согласно Решението на Градоначалникот на Општина Центар-Скопје бр. 09-4079/2 од 25.09.2018 година одобрени се средства на Марија Трпезановска, родител на Тамара Трезановска, за стипендирање за учество на меѓународни натпревари за пијано за млади таленти за учебната 2018/2019 година (вклучително и персонален данок на доход). | 16.043,00 |
| 9. | Согласно Одлука донесена на Совет на Општина Центар-Скопје бр. 08-5438/10 од 13.12.2018 година одобрени се средства на Билјана Софрониевска, родител-старател на Лука Софрониевски, за учество на меѓународен натпревар (вклучително и персонален данок на доход). | 32.086,00 |
| 10. | Согласно Пресуда бр.38МАЛВП-869/17 исплатени се средства на име надомест на штета на лицето Сашо Татарчевски. | 45.715,00 |
| | **Вкупно исплатени** | **387.971,00** |

## Состојба на жиро сметки заклучно со 31.12.2018 година

| | |
|---|---|
| - Состојба на сметка на буџет | 11.321.172,00 ден. |
| - Состојба на сметката за блок дотации | 2.383.087,00 ден. |
| - Состојба на сметката за кредит за изградба на основно училиште во Општина Центар | 0 ден. |
| - Состојба на донаторската сметка за проектот " Општина по мерка на граѓаните " | 238.149,00 ден. |
| - Состојба на донаторската сметка за помош на социјално загрозени групи | 0 ден. |
| - Состојба на донаторска сметка за проектот – Европа | 20.885,00 ден. |
| - Состојба на донаторска сметка за енергетска ефикасност за ОУ " Димитар Миладинов " – Скопје | 5.924.429,00 ден. |
| - Состојба на донаторска сметка за реновирање на дворот на детската градинка ЈУДГ " 13-ти ноември " | 307.500,00 ден. |
| - Состојба на сметката за трансфери од агенција за државни патишта | 0 ден. |
| - Состојба на сметката за трансфери до ОИК | 22.000,00 ден. |
| - Состојба на сметката за проектот Општинско-корисна работа | 135.000,00 ден. |
| - Состојба на сметката за уредување на излози и реклами | 1.800.000,00 ден. |
| - Состојба на сметката за едношалтерски систем на Агенцијата за катастар на недвижности | 72.133,00 ден. |
| Вкупно | 22.224.355,00 ден. |

## Извештај

Сметководствената евиденција во Општина Центар- Скопје се води согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и прифатените сметководствени политики и сметководствени стандарди . Во сметководството се обезбедуваат податоци поединечно по сите видови на приходи и други видови на приливи , за расходите и другите одливи.

Податоците во годишната ( завршна сметка ) на Општина Центар- Скопје за сите сметки го искажуваат реалното трошење на средствата по програми, потпрограми и намени , како и остварувањето на сите приходи по сметки, потсметки и по видови на приходи.

Согласно законот за јавна внатрешна финансиска контрола воспоставени се пишани процедури за движење на документите , нивна контрола и евидентирање во сметководството на Општина Центар- Скопје.

Раководител на Одделение за буџетска
координација

Андриана Аларова